Р Е П У Б Л И К А  С Е В Е Р Н А  М А К Е Д О Н И Ј А
R E P U B L I K A  E  M A Q E D O N I S Ë  S Ë  V E R I U T
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 06.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1932/1 | 0 | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Бране Петрушевски
Александар Јамалов
Зоран Иоцевски
Даниела Христова



2

Предлагачи: Група пратеници

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ,**
**ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Скопје, март 2026 година

## В ОВ Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТИ ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/19, 98/19, 302/20, 122/21, 33/24, 208/24, 193/25 и 258/25) се уредува безбедноста и заштитата на патиштата, основните начела и меѓусебните односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, системот на сообраќајните знаци, опремата и сигнализацијата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, кандидати за возачи, возачи, автошколи, испитни центари и возачки дозволи, оспособувањето за управување и текнување право на управување со моторно возило и прекршочната постапка за деца, посебните мерки на безбедност, сообраќајни прекршоци документирани со технички средства и уреди за снимање, организацијата и задачите на советите за безбедност на сообраќајот на патиштата, евиденциите и заштитата на податоците, прекршочните одредби и овластувањата за подзаконски прописи.

Постојните одредби од законот овозможуваат сопствениците односно корисниците под закуп на сообраќајни автодроми (полигони) да воспостават монопол на користење на истите, што претставува пречка во развојот на конкуренцијата меѓу автошколите и испитните центри и ја ограничува понудата и можности за избор на услуги на потрошувачите односно кандидатите за возачи.

Истовремено, сопствениците, односно лицата кои располагаат со сообраќаен автодром (полигон) со неиздавање на полигонот на одредени правни лица исто така ја оневозможуваат конкуренција и можноста истите да конкурираат за добивање на лиценца за испитен центар.

За да се надмине постојната состојба и да се овозможи фер конкуренција и пристап до сообраќајните автодроми (полигони) на сите заинтересирани страни, потребно е да се заменат постојните одредби од законот, со решенија кои ќе овозможат испитен центар да може да користи сопствени полигони, полигони земени под закуп или да може да користи полигони на било кој друг субјект во државата (физичко или правно лице) за да добие лиценца и да спроведува прв практичен дел од испитот за возачи, како и да се доуредат прашања во однос на важењето на лиценците за испитните центри и условите кои треба да се исполнат за учество на јавниот конкурс за избор на испитен центар, со воведување на посебен услов за банкарска гаранција.

### II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог законот се заснова врз истите цели и начела на кои се заснова постојниот закон.

Со предложениот закон се обезбедува еднаков пристап на испитните центри во користењето на сопствени, закупени или полигони на други субјекти и се подобрува квалитетот на услугите за полагање на возачки испит.

**III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТИ ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

Донесувањето на Предлогот на закон нема да предизвика дополнителни фискални импликации врз Републичкиот Буџет.

**IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ**

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Републичкиот Буџет.

**V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и 191/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 70/19, 98/19, 302/20, 122/21, 33/24, 208/24, 193/25 и 258/25), во член 240 во ставот (1) зборот „пет“ се заменува со зборот „десет“.

Член 2

Во член 241 ставот (2) се менува и гласи:

„На јавниот конкурс од ставот (1) на овој член, може да се пријави правно лице што ги исполнува условите од членот 244 став (1) од овој закони има банкарска гаранција за извршување во износ од 10 % од просечниот годишен приход остварен од испитниот центар на тоа подрачје во последните три години. Во однос на условот од членот 244 став (1) алинеја 1 од овој закон, на јавниот конкурс правното лице доставува договори со физичките лица за идно вработување на работните позиции од членот 245 од овој закон на неопределено време или на определено време со полно работно време, кои ќе засноваат работен однос по добивање на лиценцата за испитен центар и пред уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 3

Во член 244 став (1) алинејата 4 се брише.

Во ставот (2) алинејата 2 се брише.

Член 4

По членот 244 се додаваат два нови члена 244-а и 244-б, кои гласат:

„Член 244-а

(1) Полагањето на првиот практичен дел од возачкиот испит, испитниот центар задолжително го спроведува на сообраќаен автодром (полигон) кој ги исполнува пропишаните услови и сообраќајно – технички елементи.

(2) Испитниот центар од ставот (1) на овој член, ги користи сите сообраќајни автодроми (полигони) на подрачјето за кое му е издадена лиценцата, без оглед дали се во негова сопственост или под закуп или се во сопственост или под закуп на автошколите или на други физички и правни лица.

(3) Автошколите и лицата од ставот (2) на овој член, се должни да го овозможат користењето на сообраќајните автодроми (полигони) од страна на испитните центри.

(4) Највисокиот износ на надоместокот за користење на сообраќајните автодроми (полигони) од страна на испитните центри го утврдува министерот за внатрешни работи.

(5) На автошколата или на правното лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 100 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микро трговци; од 200 до 2.000 евра во денарска противвредност – за

мали трговци; од 500 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци.

(6) За прекршокот од ставот (5) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во автошколата или во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(7) На физичко лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот (3) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.

Член 244-б

Заради зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, како и заради модернизација на уредите и опремата во областа на сообраќајот, 15% од цената за полагање на возачки испит испитните центри се должни да ги уплатуваат на буџетската сметка на Министерството за внатрешни работи.“.

Член 5

Во член 246 став (5) во алинејата 5 зборовите: „испитниот центар“ се заменуваат со зборовите: „испитната комисија“.

Член 6

Во член 247 зборовите: „членот 244“ се заменуваат со зборовите: „членот 244-а“.

Член 7

Во член 248 ставот (1) зборовите : „алинеја 6“ се заменуваат со зборовите:„алинеја 5“.

Член 8

Во член 252 ставот (4) се менува и гласи:

„ По истекот на рокот од ставот (3) на овој член за отстранување на утврдените недостатоци се врши повторен надзор и доколку се утврди дека испитниот центар не ги отстранил утврдените недостатоци во рокот од ставот (3) на овој член Министерството за внатрешни работи ќе му ја одземе лиценцата на испитниот центар и ќе ја активира банкарската гаранција.“

Член 9

Во член 295 став (1) зборовите „полигонот и возилото од членот 244 став (1) алинеи 3, 4 и 6 од овој закон“ се заменуваат со зборовите „и возилото од членот 244 став (1) алинеи 3 и 5 од овој закон и полигонот од членот 244-а од овој закон“.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата предвидува 10 члена.

Во членот 1 се предлага измена во делот на временскиот период за кој се издава лиценцата за испитен центар. Имено, имајќи ги предвид ново предложените решенија со овој закон, оценка е дека е потребно да се утврди подолг временски период на важење на лиценцата.

Во членот 2 се предлага измена на ставот 2 од членот 241 на Законот. Имено, се врши допрецизирање во однос на условот од член 244 став 1 алинеја 1 од Законот, за правните лица кои се пријавуваат на јавниот конкурс за избор на испитен центар. Истовремено, имајќи го во предвид и јавниот интерес во однос на прашањето за организирање и спроведување на возачки испит, се утврдува и посебен услов за банкарска гаранција.

Во членот 3 се брише задолжителниот услов за работа на испитниот центар да има сообраќаен автодром (полигон). Имено, со постојните одредби од законот се дава можност во делот на регулирањето на сообраќајните автодроми (полигони), сопствениците на сообраќајни автодроми (полигони) да воспоставуваат монопол на користење на истите. Имено, сопствениците, односно лицата кои располагаат со сообраќаен автодром (полигон) со неиздавање на полигонот на одредени правни лица оневозможуваат конкуренција, односно оневозможуваат истите да конкурираат за добивање на лиценца за испитен центар.За да се надмине постојната состојба, се предлага дополнување со нови законски одредби со членот 4 од овој предлог.

Во членот 4 се врши дополнување на Законот со два нови члена 244-а и 244-б. Со нив се регулира делот за спроведување на првиот практичен дел на возачкиот испит на сообраќаен автодром (полигон) кој ги исполнува пропишаните услови и сообраќајно – технички елементи, при што се дава можност на испитниот центар да ги користи сите сообраќајни автодроми (полигони) на подрачјето за кое му е издадена лиценцата, без оглед дали се во негова сопственост или под закуп или се во сопственост или под закуп на автошколите или на други физички и правни лица, а автошколите и правните и физичките лица имаат обврска да го овозможат користењето на сообраќајните автодроми (полигони) на испитните центри.За користењето на полигоните испитниот центар плаќа надоместок, чиј највисок износ го утврдува министерот за внатрешни работи, а за непочитувањето на оваа законска должност како прекршок предвидена е глобаза автошколите и правните и физичките лица .

Новиот член 244-б уредува обврска за уплата на буџетската сметка на Министерството за внатрешни работи на процент од цената за полагање на возачки испит испитните центри заради зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, како и заради модернизација на уредите и опремата во областа на сообраќајот.

Со членот 5 се врши усогласување во ставот 5 со ставот 4 од членот 246 од Законот.

Со членот 6 се врши усогласување на содржината на членот 247 која се однесува на сообраќајниот автодром (полигон) на кој се полага возачкиот испит, а е предвидена со дополнувањето на членот 244-а од овој закон.

Членовите 7 и 9 се номотехничко усогласување со одредбите од законот.

Со членот 8 се врши прецизно дефинирање на прашањето како се постапува при повторен надзор, кога при вршење на надзор на работата на испитен центар Министерството за внатрешни работи утврдило недостатоци и со решение забранило

спроведување на возачки испит во времетраење од 30 дена, во кој рок испитниот центар треба да ги отстрани недостатоците.

Членот 10 го уредува влегувањето во сила на законот.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.

## III.ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение се воспоставува систем преку кој се елиминира можноста за воспоставување на монопол при користењето на сообраќајните автодроми, се обезбедува еднаков пристап на испитните центри во користењето на сопствени, закупени или полигони на други субјекти, со што ќе се подобри квалитетот на услугите за полагање на возачки испит и се доуредуваат други прашања поврзани со стекнувањето со лиценца за испитен центар.

**ТЕКСТ**
**НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**3. Испитен центар**
**3.1. Основање и работа на испитен центар**
**Член 240**

(1) Работите на организирање и спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач, ги врши правно лице по добивање лиценца за испитен центар од Министерството за внатрешни работи, за временски период од пет години.

(2) Лиценцата од ставот (1) на овој член, Министерството за внатрешни работи ја издава доколку правното лице ги исполнува условите од членот 244 став (1) од овој закон.

(3) По издавањето на лиценцата од ставот (1) на овој член, Министерството за ватрешни работи го запишува испитниот центар во Регистарот на испитни центри во ова министерство.

(4) Испитниот центар од ставот (1) на овој член, работите на организирање и спроведување на возачкиот испит ги врши согласно со организацијата на соодветните организациски единици на Министерството за внатрешни работи.

(5) Испитниот центар од ставот (1) на овој член, може да организира и спроведува возачки испит за кандидат за возач и во подружница, надвор од местото на неговото седиште, доколку ги исполнува условите од членот 244 став (2) од овој закон.

**Член 241**

(1) Постапката за добивање на лиценца од членот 240 став (1) од овој закон, се спроведува врз основа на јавен конкурс кој го распишува Министерството за внатрешни работи.

(2) На јавниот конкурс од ставот (1) на овој член, може да се пријави правно лице што ги исполнува условите од членот 244 став (1) од овој закон.

(3) Во случај кога на јавниот конкурс од ставот (1) на овој член, за определено подрачје не се пријави ниту едно правно лице, односно ниту едно од пријавените правни лица не ги исполнува условите утврдени со овој закон, јавниот конкурс за тоа подрачје се повторува.

**Член 244**

(1) За вршење на работите на организирање и спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач, испитниот центар задолжително треба да ги исполнува следниве услови за работа:

- да има стручен кадар;
- да има организација на работа;
- да има уредени простории опремени со посебен уред (камери) и материјално-технички капацитети;
- да има сообраќаен автодром (полигон) во седиштето и подружниците во сопственост на испитниот центар или под закуп, кој ги исполнува пропишаните услови и сообраќајно-технички елементи;
- да има информатичка опрема за вршење на потребните работи и

- да има возила (сопствени или под закуп) од категориите за кои испитниот центар е овластен да врши испитување на кандидати за возачи согласно со одредбите од овој закон.

(2) Подружницата на испитниот центар задолжително треба да ги исполнуваат следниве услови за работа:

- да има уредни простории опремени со посебен уред (камери) и материјално-технички капацитети;
- да има сообраќаен автодром (полигон) кој ги исполнува пропишаните услови и сообраќајно-технички елементи и
- да имаат информатичка опрема за вршење на работи.

(5) Министерството за внатрешни работи го определува бројот и местото на подружниците на испитниот центар со пријавно и испитно место, според бројот на кандидати за возачи.

**Ставовите (3) и (4) се укинати со** Одлука на Уставниот суд У.бр.59/2018 („Службен весник на Република Македонија" бр.70/19).

**Член 246**

(1) Раководител на испитен центар од членот 245 став (1) алинеја 1 од овој закон може да биде лице, кое ги исполнува следните услови:

- има завршено високо образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работновреме;
- поседува дозвола за возач-инструктор;
- поседува лиценца за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел);
- поседува лиценца за испитувач по наставна програма управување со моторно возило (практичен дел) и
- да има работен стаж од најмалку пет години во оспособување или испитување на кандидати за возачи, или работен стаж како и контролор или раководител на испитен центар.

(2) Контролор од членот 245 став (1) алинеја 2 од овој закон може да биде лице, кое ги исполнува следните услови:

- има завршено високо образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време;
- поседува дозвола за возач-инструктор;
- лиценца за контролор и
- да има работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи, или работен стаж како контролор или раководител на испитен центар.

(3) Претседател на испитната комисија од членот 245 став (1) алинеја 3 од овој закон, може да биде лице кое ги исполнува следните услови:
- да има завршено високо образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно време
- поседува дозвола за возач-инструктор од категориите за кои испитната комисија врши испитување на кандидати за возачи;
- да поседува лиценца испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел);
- да поседува лиценца испитувач по наставна програма управување со моторно возило (практичен дел) и
- да има работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи, или работен стаж како контролор или раководител на испитен центар.

(4) Испитувач по наставната програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) од членот 245 став (1) алинеја 4 од овој закон, може да биде лице кое ги исполнува следните услови:
- има завршено високо образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределенео време или на определено време со полно работно време;
- поседува дозвола за возач-инструктор;
- да поседува лиценца за испитувач по наставна програма сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и
- да има работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи.

(5) Испитувач по наставната програма управување со возило (практичен дел) од членот 245 став (1) алинеја 5 од овој закон, може да биде лице кое ги исполнува следнитепосебни услови:
- има завршено најмалку средно образование;
- има живеалиште во Република Северна Македонија;
- поседува општа психофизичка здравствена способност, што го докажува со соодветно лекарско уверение;
- да е вработен во испитниот центар на неопределено време или на определено време со полно работно
време;
- поседува дозвола за возач-инструктор од категориите за кои испитниот центар врши испитување на кандидати за возачи;
- да поседува лиценца за испитувач по наставна програма управување со возило (практичен дел) и
- да има работен стаж од најмалку три години во оспособување или испитување на кандидати за возачи.

**Член 247**

(1) Сообраќајниот автодром (полигон) од членот 244 од овој закон, треба да биде опремен со соодветен уред (камера), кој ќе овозможува видео и аудио запис со можност за архивирање и документирање на снимените податоци кои се чуваат во испитниот центар 90 дена од денот на полагањето на испитот на кандидатот за возач.

**Член 248**

(1) Возилата од членот 244 став (1) алинеја 6 од овој закон, треба да ги исполнуваат условите од членот 233 ставови (1), (2) и (3) од овој закон.

(2) На испитниот центар кој постапува спротивно на одредбите од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во испитниот центар во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 252**

(1) Надзор над работата на испитен центар, во однос на исполнувањето на пропишаните услови за работа, начинот на спроведување на возачкиот испит за кандидат за возач и водењето на евиденциите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, врши Министерството за внатрешни работи.

(2) Министерството за внатрешни работи со решение ќе му ја одземе лиценцата на испитниот центар, ако:

- против него е поведена постапка на стечај или ликвидација и
- престанал да работи врз основа на судска одлука.

(3) Во случај кога при вршење на надзорот од ставот (1) на овој член се утврди дека испитниот центар не ги исполнува пропишаните услови за работа, не била спроведена соодветна постапка за полагање возачки испит на кандидат за возач или несоодветно ги води и чува евиденциите утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и доколку постапува спротивно на одредбата од членот 244 став (3) од овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ќе забрани спроведување на возачки испит на кандидат за возач во времетраење од 30 дена, во кој рок испитниот центар треба да ги отстрани утврдените недостатоци.

(4) Кога при вршењето на повторен надзор се утврди дека испитниот центар не ги отстранил утврдените недостатоци во предвидениот рок од ставот (3) на овој член, Министерството за внатрешни работи со решение ќе му ја одземе лиценцата на испитен центар.

(5) Во случај кога при вршење на надзорот ќе се утврди дека испитниот центар издал уверение за положен возачки испит за кандидат за возач без да спроведе соодветна постапка утврдена со овој закон, Министерството за внатрешни работи со решение ја одзема лиценцата за испитен центар.

(6) Испитниот центар не може да спроведува возачки испит за кандидат за возач во периодот додека трае забраната од ставот (3) од овој закон.

(7) Во случај кога е одземена лиценцата за испитен центар согласно со ставовите (4) и (5) на овој член, Министерството за внатрешни работи по службена должност го известува Централниот регистар.

(8) Решението од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член е конечно и против него може да се поведе управен спор пред надлежен суд.

(9) Поведувањето на управниот спор од ставот (8) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(10) Во случај кога испитниот центар постапува спротивно на одредбите од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, ќе му се издаде записник за сторен сообраќаен

прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност.

(11) На одговорното лице во испитниот центар кое постапува спротивно на одредбата од ставот (10) на овој член, ќе му се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност.

**Член 295**

(1) За време на спроведување на возачки испит за кандидат на возач по сообраќајни правила и прописи (теоретски дел) и управување со моторни возила (практичен дел), испитниот центар задолжително треба да има вклучени камери во просторијата, полигонот и возилото од членот 244 став (1) алинеи 3, 4 и 6 од овој закон.

(2) На испитниот центар која постапува спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член, ќе му се издаде записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог со глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност.

(3) За прекршокот од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече глоба и на одговорното лице во испитниот центар во износ од 500 евра во денарска противвредност.

(4) Записник за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе им се издаде на претседателот и на членовите на испитната комисија кои постапуваат спротивно на одредбата од ставот (1) на овој член.